Одбележано формирањето на ПРЕХРАНБЕНО-ТЕХНОЛОШКИ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ ПРОДУКТИ на Технолошко-техничкиот факултет

На 23.02.2021 год. посета на Технолошко-техничкиот факултет (ТТФ) во Велес оствариja амбасадорката на Швајцарија во нашата земја, Н.Е. Сибил Зутер Техада, министерот за локална самоуправа Горан Милевски, градоначалникот на општина Велес Аце Коцевски и раководителот на Центарот за развој на Вардарски плански регион д-р Игор Андреев со цел да се одбележи заокружувањето на активностите во проектот за формирање на ПРЕХРАНБЕНО-ТЕХНОЛОШКИ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ ПРОДУКТИ (ПТЦ).

ПТЦ е формиран преку Грантовата шема за иновативни проекти, а во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" (повик 2020 год.), поддржан од Министерство за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка. Притоа, одговорното лице за проектот проф. д-р Даниела Николовска Неделкоска на гостите им ја претстави новата софистицирана лабораториска опрема за анализа на прехранбени намирници набавена во рамките на проектот, со вкупен буџет од 2.169.000 денари.

Во текот на посетата гостите, деканот проф. д-р Татјана Калевска и претставници од бизнис секторот дадоа изјави за медиумите во кои изразија задоволство од реализираните активности во проектот и очекувања формираниот Центар да прерасне во стратешки инструмент за поддршка на регионалниот економски развој и конкурентноста во Вардарскиот плански регион преку продлабочување на соработката помеѓу бизнис заениците од прехранбениот сектор и академската институција, односно ТТФ, како единица при универзитетот „Св. Климент Охридски" лоцирана во Велес.Центарот има улога на партнер за компаниите во процесот на развојот на иновативни продукти и/или подобрување на постоечките производи и технологии. Услугите на Центарот ќе бидат достапни и за заинтересираните дипломирани и актуелни студенти на сите три циклуси студии, кои се мотивирани да ги подобрат своите стручни перформанси и кариерен развој.



